**Информации за проектот**
**„Техничка поддршка на одделението за соработка со невладини организации при Генералниот Секретаријат"**

## Кратка историја

Европската унија (ЕУ) обезбедува во континуитет помош за развој на граѓанското општество, а сега особено внимание посветува на јакнење на третиот сектор во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА). Европската Комисија ја истакнува клучната улога на граѓанскиот сектор во претпристапниот процес и во забрзување на процесот на интеграцијата во Европската Унија. Партнерството за пристапување, исто така, ја нагласува потребата да се промовира активното учество на граѓанскиот сектор во процесите на донесување одлуки.

Во рамки на ИПА 2007, досега беше спроведуван проектот "Зајакнување на капацитетите на Генералниот Секретаријат- Сектор за анализа на политиките и координација- Одделение за реформи во јавната администрација и Одделение за соработка со НВОи ", кој го поддржува спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2007-2011.

## Опис на проектот

Европската Унија преку Делегацијата на ЕУ ја поддржува промоцијата за активен граѓански сектор преку ИПА 2008 проектот: „Техничка поддршка на Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат". Проектот има за цел да го подобри капацитетот на Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат во спроведувањето на Стратегијата за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, особено во поглед на предизвиците во интеграцијата кон Европската Унија. Посебно внимание се посветува на градење на капацитети и поддршка во ефикасно управување со грант шеми во рамките на програмите под Инструментот за претпристапна помош (ИПА).

Проектот е со буџет од околу 500.000 евра и ќе се имплементира во период од 18 месеци (март 2011– септември 2012) од страна на GOPA Worldwide Consultants. Конкретно, проектот ќе се фокусира кон јакнење на капацитетите на Одделението за соработка со невладините организации со реализација на следниве цели:

- Јакнење на оперативните и координативните капацитети на Одделението за соработка со невладини организации, преку зголемување на вештини и знаења за вработените, за да ја спроведуваат и следат Стратегијата за соработка на Владата и граѓанското општество, вклучувајќи и изготвување на нов Акциски план.
- Развивање на систем за управување со грант шеми за Одделението за соработка со невладини организации кои вклучуваат изработка, управување имплементирање и следење на грант шемите.
- Развивање и имплементирање на годишни планови за обука за институционална изградба на капацитети, спроведување на политики и управување со грант шемите за соодветната владина администрација, како и за граѓанските организации (корисници на грантови).

Проектот предвидува две компоненти:

**Компонента 1:** Техничка поддршка на Одделението за соработка со невладини организации за натамошно спроведување на Стратегија за соработка помеѓу Владата и граѓанското општество.

**Компонента 2:** Техничка поддршка на Одделението за соработка со невладини организации во спроведување на грант шемите (развивање на системот за управување со грантови шеми кој вклучува, изработка, објавување, спроведување и мониторинг).

Двете компоненти се меѓусебно поврзани и имаат за цел да ги подобрат капацитетите на Одделението за соработка со невладини организации, додека втората компонента, подразбира јакнење на капацитетите на граѓанските организации како потенцијалните корисници на грантови.

Главните активности вклучуваат ревидирање на постојната Стратегија за соработка меѓу Владата и граѓанското општество 2007-2011 (и тоа низ консултации со граѓанското општество и државната администрација) и програми за обука на Одделението за соработка со невладините организации за зголемување на капацитетот во управуваање со разни грантови шеми.

Ревидираната Стратегија за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор треба да придонесе кон консолидирана платформа за национална политика за соработка, како и во активен придонес во активното вклучување на граѓанското општество во процесот на креирање политики, а на тој начин да и помогнат на земјата во заложбата за интеграција во Европската Унија.

**Адреса за контакт:**

Проект: „Техничка помош на Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат“
Бул. „Илинден“ ББ
Зграда на Влада
Кула 7 - канцеларија број 541
1000 Скопје
Телефон: (02) 3118-022 лок. 127

**Лице за контакт:**

Даниел Шербан, тим лидер